# Записник од седма седница на Совет на Општина Берово

Одделение за правни и општи работи

Одделение за правни и општи работи
Општина Берово

**З А П И С Н И К**

**Од седмата редовна седница на Советот на Општина Берово,одржана на ден 14.03.2018 година, во салата за состаноци при општина Берово со почеток во 09 часот.**

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот на Општина Берово, Јован Матеничарски.

Од вкупно 15 советници на седницата беа присутни 14 советници и тоа: Јован Матеничарски,Славица Фурнаџиска, Предраг Монев, Драган Мустачки, Гоце Ружински,Даниела Кржовска ,Благица Русковска, Александар Чамовски, Фахрудин Мустафов, Емилија Пачемска,Јованка Василевска-Петрушева, Јован Ковачовски, Герасим Гриовски и Влатко Буровски( отсутен Горан Фидански).

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општината Звонко Пекевски,раководителот на одделението за општи и правни работи Анита Рунтевски,Советникот за нормативно-правни и имотно-правни работи Емилија Ваканска, Бранка Шишовска-самостоен референт за подготовка на материјали за седница на совет и други работни тела,како записничар , Сашко Корчовски-в.д директор на ДСУ" Ацо Русковски" – Берово во својство на известител по финансовите извештаи од институцијата која ја претставува и Наташа Аврамска-директор на ООУ "Дедо Иљо Малешевски"-Берово.

За работата на Советот за оваа седница,Претседателот на Советот Јован Матеничарски го предложи следниот :

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записник од 6-та седница на Совет на Општина Берово;
2. Предлог Завршна сметка на Општина Берово за 2017 година;
3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските, изворите на средства и нивната вредност на Општина Берово за 2017 година;
4. Годишен Извештај за користење на средствата од резервите од Буџетот на Општина Берово за 2017 година;
5. Известување за деловна активност за 2017 година за наменска сметка на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки " Берово за 2017 година;
6. Финансиски извештај од завршна сметка на основен Буџет за 2017 година на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки " Берово ;
7. Финансиски извештај од завршна сметка на самофинансирачки активности за 2017 година на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки " Берово ;
8. Финансиски извештај од завршна сметка на сопствени приходи за 2017 година на ООУ "Никола Петров Русински" Берово;
9. Финансиски извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на ООУ "Никола Петров Русински" Берово;

10. Финансиски извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово;
11. Финансиски извештај од завршна сметка за донаторска смтека Еразмос за 2017 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово;
12. Финансиски извештај од завршна сметка за донатрска сметка Скилс за 2017 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово;
13. Финансиски извештај од завршна сметка за сопствени приходи за 2017 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово;
14. Финансиски извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово;
15. Финансиски извештај од завршна сметка за сметка на сопствени приходи за 2017 година на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово;
16. Финансиски извештај од завршна сметка за сметка на сопствени приходи за 2017 година на ОЈУДГ “23 Август” Берово;
17. Финансиски извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на ОЈУДГ “23 Август” Берово;
18. Финансиски извештај од завршна сметка за донаторска сметка – Инклузија на деца роми во предучилишна возраст за 2017 година на ОЈУДГ “23 Август” Берово;
19. Годишен Извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2017 година;
20. Годишен Финансиски Извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2017 година;
21. Одлука за давање на трајно користење движна ствар – трактор Донг Фенг на ЈПКР „Услуга“ Берово;
22. Одлука за давање на времено користење без надоместок недвижен имот сопственост на општина Берово;
23. Одлука за давање на времено користење без надоместок на движна ствар сопственост на општина Берово;
24. Одлука за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за источен плански регион;
25. Одлука за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифетации во општина Берово за 2018 година;
26. Одлука за кофинансирање на проект Изградба на зелен пазар во Берово ;
27. Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на Општина Берово
28. Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на ООУ “Дедо Иљо Малешевски Берово
29. Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на ОСУ “ Ацо Русковски” Берово
30. Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново, општина Берово;
31. Предлог Годишен План за вработување за 2019 година ЈПКР “Услуга” Берово;
32. Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на ОЈУДГ “23 Август” Берово;
33. Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово;
34. Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на ОЈУСЗСЛ “Д-р Иван Влашки ” Берово;

35. Програма за изведување на еднодневна екскурзија низ Република Македонија за учениците од III одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово;
36. Програма за изведување на еднодневна екскурзија низ Република Македонија за учениците од VI одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово;
37. Програма за изведување на еднодневна екскурзија низ Република Македонија за учениците од IX одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово;
38. Измена и дополнување на Годишната Програма за работа на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово за учебната 2017/2018 година;
39. Барања од институции и граѓани;
40. Советнички иницијативи и прашања

Претседателот на Советот Јован Матеничарски отвори расправа по предложениот дневен ред.За збор се јави советникот Предраг Монев и рече дека дневниот ред за последните две седници на советот е преобемен 70-80 точки за само 15 дена,по кои неможат суштински да се произнесат.Истиот упати апел до Председателот на Советот дневниот ред да го менаџира подобро.Исто така тој даде забелешка и на начинот на доставивање на материјалите за дневниот ред преку неговата сопруга,па побара во иднина да му се доставува лично,бидејќи материјалите за последната седница не ги има добиено комплетно.Претседателот Матеничарски рече дека и тој ги нема навреме добиено сите материјали за да може да направи распоред за одржување на седници.Истиот се обврза дека наредните седници ќе бидат поконцизни и со помалку точки на дневен ред.Во својот збор Градоначалникот Звонко Пекевски истакна дека дневниот ред за седниците на Советот се врзани со временска рамка и дека многупати од доставата на материјалите до самата седница се наметнуваат точки на дневниот ред кои не зависат ниту од градоначалникот,нити од општинската администрација,а во тој контекст и од Претседателот на Советот.Тоа се прашања од ниво на повисока власт.Има уште три нови точки од дневниот ред и три кои советниците ги добиле,а не се во дневниот ред и тоа:

1. -Одлука за пренесување на сопственост на недвижни ствари на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово;
2. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година;
3. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година;
4. Годишен финансиски извештај за сметка на наменски дотации за 2017 година на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово;
5. Годишен финансиски извештај за сметка донации за 2017 година на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово;
6. Годишен финансиски извештај за сметка сопствени приходи 2017 година на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово;

Претседателот Матеничарски го даде предлогот за дополнување на дневниот ред со уште 6 точки на гласање.Од присутните 14 Советници (отсутен Горан Фидански) со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ нема советници кои не гласале дополнувањето на дневниот ред е усвоено. Претседателот се обрати до општинската администрација и предложи да се изготви нов дневен ред во кој ќе бидат вметнати сите точки од дневниот ред и да се подели на Советниците.Претседателот Матеничарски ја затвори расправата и го даде на усвојување следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Усвојување на Записник од 6-та седница на Совет на Општина Берово;**
2. **Предлог Завршна сметка на Општина Берово за 2017 година;**

3. **Извештај за средствата, побарувањата, обврските, изворите на средства и нивната вредност на Општина Берово за 2017 година;**
4. **Годишен Извештај за користење на средствата од резервите од Буџетот на Општина Берово за 2017 година;**
5. **Известување за деловна активност за 2017 година за наменска сметка на ОЈУСЗСЛ “Д-р Иван Влашки ” Берово за 2017 година;**
6. **Финансиски извештај од завршна сметка на основен Буџет за 2017 година на ОЈУСЗСЛ “Д-р Иван Влашки ” Берово ;**
7. **Финансиски извештај од завршна сметка на самофинансирачки активности за 2017 година на ОЈУСЗСЛ “Д-р Иван Влашки ” Берово ;**
8. **Финансиски извештај од завршна сметка на сопствени приходи за 2017 година на ООУ “Никола Петров Русински” Берово;**
9. **Финансиски извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на ООУ “Никола Петров Русински” Берово;**
10. **Финансиски извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово;**
11. **Финансиски извештај од завршна сметка за донаторска смтека Еразмос за 2017 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово;**
12. **Финансиски извештај од завршна сметка за донатрска сметка Скилс за 2017 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово;**
13. **Финансиски извештај од завршна сметка за сопствени приходи за 2017 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово;**
14. **Финансиски извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово;**
15. **Финансиски извештај од завршна сметка за сметка на сопствени приходи за 2017 година на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово;**
16. **Финансиски извештај од завршна сметка за сметка на сопствени приходи за 2017 година на ОЈУДГ “23 Август” Берово;**
17. **Финансиски извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на ОЈУДГ “23 Август” Берово;**
18. **Финансиски извештај од завршна сметка за донаторска сметка – Инклузија на деца роми во предучилишна возраст за 2017 година на ОЈУДГ “23 Август” Берово;**
19. **Годишен Извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2017 година;**
20. **Годишен Финансиски Извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2017 година;**
21. **О Д Л У К А за давање на трајно користење движна ствар – трактор Донг Фенг на ЈПКР „Услуга“ Берово;**
22. **О Д Л У К А за давање на времено користење без надоместок недвижен имот сопственост на општина Берово;**
23. **О Д Л У К А за давање на времено користење без надоместок на движна ствар сопственост на општина Берово;**
24. **О Д Л У К А за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за источен плански регион;**

25. **О Д Л У К А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифетации во општина Берово за 2018 година;**
26. **О Д Л У К А за кофинансирање на проект Изградба на зелен пазар во Берово ;**
27. **Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на Општина Берово**
28. **Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на ООУ "Дедо Иљо Малешевски Берово**
29. **Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на ОСУ " Ацо Русковски" Берово**
30. **Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово;**
31. **Предлог Годишен План за вработување за 2019 година ЈПКР "Услуга" Берово;**
32. **Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на ОЈУДГ "23 Август" Берово;**
33. **Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на Дом на култура "Димитар Беровски" Берово;**
34. **Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки " Берово;**
35. **Програма за изведување на еднодневна екскурзија низ Република Македонија за учениците од III одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово;**
36. **Програма за изведување на дводневна екскурзија низ Република Македонија за учениците од VI одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово;**
37. **Програма за изведување на тродневна екскурзија низ Република Македонија за учениците од IX одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово;**
38. **Измена и дополнување на Годишната Програма за работа на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово за учебната 2017/2018 година;**
39. **Барања од институции и граѓани;**
40. **Советнички иницијативи и прашања.**
41. **Одлука за пренесување на сопственост на недвижни ствари на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово;**
42. **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година;**
43. **Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година;**
44. **Годишен финансиски извештај за сметка на наменски дотации за 2017 година на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово;**
45. **Годишен финансиски извештај за сметка донации за 2017 година на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово;**
46. **Годишен финансиски извештај за сметка сопствени приходи 2017 година на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово;**

Од присутните 14 Советници  со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ нема советници кои не гласале,Советот го усвои предложениот дневен ред за работа на седмата седница на Советот на општина Берово со измените и дополнувањата.

1. ***Усвојување на Записник од 6-та седница на Совет на Општина Берово;***

Претседателот на Советот отвори расправа по првата точка од дневниот ред.За збор се јави советничката Славица Фурнаџиска и рече дека во записникот не е вметнато барањето од Здружението за заштита на животните со кое се осудува последното масовно труење на истите.Во одговор Записничарот Бранка Шишовска истакна дека барањето е проследено до Здружението, но испуштено во записникот со следната содржина:

Советот на Општина Берово најостро го осудува самоволието и актот на насилство и масовно труење на животните.

Советот на Општина Берово бара да се вклучи во решавање на овој проблем и тоа преку:

Организирање на трибини за подигање на јавната свест кај населението кое чува домашни миленичиња – кучиња;

Навремена дојава за евидентирани труења на домашни миленичиња на терен, за да може да реагираат навремено и ефикасно Инспекциските служни во општината;

Покренување на соодветни постапки пред институциите и сл.

Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата по првата точка од дневниот ред и Записникот од 6-тата седница на Советот на Општината со забелешката на советничката Славица Фурнаџиска го даде на гласање. Од присутните 14 Советници  со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ нема советници кои не гласале Советот го усвои Записникот.

Пред отварањето на расправа по втората точка од дневниот ред збор побара Градоначалникот на Општината со молба до советниците најпрвин да се разгледаат точките 42 (Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година) и точката 43 од усвоениот дневен ред (Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина берово за 2018 година)со образложение дека итно мора да замине на состанок во Скопје.Претседателот Матеничарски го даде предлогот на Усвојување и истиот едногласно беше прифатен.Во образложението по 42 – та точка од дневниот ред Градоначалникот истакна дека се наметнала потребата од проширување на Буџетот за 2018 година  во делот на самофинансирачкото зголемување на приходите за сместување во Домот за стари лица. Во однос на  43 –тата точка од дневниот ред со  измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општината за 2018 година  во делот на Изградба и реконструкција на локални патишта и Домови за стари со образложение дека МТСП треба да исфинансира доградба на вториот објект на домот за стари лица.Претседателот Матеничарски ја даде на усвојување **42-та точка од дневниот ред**.Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои 42-та точка од дневниот ред.Претседателот ја даде на усвојување **43 –тата точка од дневниот ред**. Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои 43-та точка од дневниот ред.

## *2. Предлог завршна сметка на Општината за 2017 година*

Претседателот на Советот отвори расправа.Збор зеде советникот Гоце Ружински-Претседател на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР и рече дека на состанокот на Комисијата присуствувале Градоначалникот и овластениот сметководител на Општината кои направиле определени корекции,но суштински не ја анализирале завршната сметка на Општината оставајќи простор Советот да се произнесе.Збор побара Градоначалникот на Општината образложувајќи и потенцирајќи го суфицитот и дефицитот по завршната сметка,со анализа на приходниот и расходниот дел по истата.Збор зеде претседателот Матеничарски и даде предлог до Советот по 2-та ,3-та и 4-та точка да се расправа заедно бидејќи се работи за ист субјект-Општината,а потоа поединечно по секоја да се гласа.Предлогот едногласно беше прифатен.Советничката Славица Фурнаџиска даде коментар околу програмата за спортот и потрошените средства,но бидејќи сега на самата седница е добиен материјалот немало време за поконкретна дискусија.За дискусија се јави Градоначалникот давајќи информација за средствата на ОФК Малеш кои се издвоени од општинскиот буџет.Во својот збор Претседателот Матеничарски истакна дека за првпат досега на советниците е даден список –спецификација на добавувачи поединечно кое нешто го барале и од претходниот градоначалник,но никогаш не го добиле.Тој побара во текот на седницата да се добие извештај за обврските на Општината кон секој советник поединечно,а откако извештајот беше изготвен и поделен Претседателот ја поздрави работата на тој план.За збор се јави советникот Гоце Ружински образложувајќи на Советот по финансиските материјали кои се разгледувале на Комисијата.Во својата дискусија на тој план претседателот на Советот Јован Матеничарски даде лична констатација дека од претходниот градоначалник имало само фалби по ТВ и медиуми,а за вoља на вистината многу малку е платено од она што е реализирано.По дадениот збор советничката Славица Фурнаџиска расправаше за констатациите од состанокот на Комисијата за финансирање и буџет во однос на Извештајот за користење на средства од резервите од Буџетот на Општината за 2017 година по стафки и потстафки.Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот Матеничарски ги стави на гласање точките на дневен ред по кои се расправаше. Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои 2-та точка од дневниот ред.

## ***3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските, изворите на средства и нивната вредност на Општина Берово за 2017 година;***

Претседатерлот Матеничарски ја стави точката на дневен ред на гласање бидејќи претходно по истата се расправаше. Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои 3-та точка од дневниот ред.

## ***4. Годишен Извештај за користење на средствата од резервите од Буџетот на Општина Берово за 2017 година;***

Претседателот ја стави точката од дневниот ред на гласање. Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои 4-та точка од дневниот ред.

## ***5. Известување за деловна активност за 2017 година за наменска сметка на ОЈУСЗСЛ Др "Иван Влашки"-Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по точката од дневниот ред.Збор зеде Претседателот на Комисијата за финансирање,буџет и ЛЕР Гоце Ружински и рече дека точката од дневнииот ред била разгледана на состанок на Комисија во присуство на раководителот на ОЈУСЗСЛ на кој расправале за финансискиот извештај,разложувајќи ги по ставки,потставки и износи,како и за други тековни расходи во присуство на овластениот сметководител Татјанка Муртовска.За збор се јави советничката Славица

Фурнаџиска и рече дека би било добро до крајот на годината средствата од самофинансирање да се искористат,бидејќи се ограничени со наменско искористување.Претседателот предложи да се води расправа и по точките 6 и 7 бидејќи и трите се за Домот за стари Д-р Иван Влашки.Предлогот едногфласно е усвоен. За збор се јави Татјанка Муртовска и рече дека во делот на приходите од самофинансирање на Д-р Иван Влашки се додава ново конто со вкупен износ од 3.811,474 ден. кое е како надополнување на финансискиот извештај .Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата и точките поединечно ги даде на гласање. . Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои 5-та точка од дневниот ред.

***6. Финансиски извештај од завршна сметка на основен буџет за 2017 година на ОЈУСЗСЛ Д-р Иван Влашки Берово***

Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои 6-та точка од дневниот ред.

***7. Финансиски извештај од завршна сметка на самофинансирачки активности за 2017 година на ОЈУСЗСЛ Д-р Иван Влашки Берово***

Со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои 7-та точка од дневниот ред.

***8. Финансиски извештај од завршна сметка на сопствени приходи за 2017 година на ООУ "Никола Петрив Русински" с.Русиново***

Претседателот отвори расправа по осмата точка од дневниот ред.Збор зеде Гоце Ружински ви својство на Претседател на Комисијата за финансирање,буџет и ЛЕР и рече дека на состанокот била присутна и директорката на основното училиште во с.Русиново која дала образложение по ставките кои се зголемени.Претседателот Матеничарски предложи точките од дневниот ред 8 и 9 да се разгледуваат заедно,а предлогот едногласно беше усвоен.Бидејќи друг не се јави за збор претседателот ја затвори расправата по двете точки од дневниот ред и истите ги даде на усвојување. Со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои 8-та точка од дневниот ред.

***9 .Финансиски извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на ООУ" Никола Петров Русински" с.Русиново***

Со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои 9-та точка од дневниот ред.

***10. Финансиски извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на ОСУ" Аџо Русковски" Берово***

Претседателот отвори расправа по точката од дневниот ред. На седницата на Советот присуствуваше в.д. директорот на Гимназијата Сашко Корчовски во својство на известител по точките од дневниот ред кои се однесуваат на финансиското работење на ОСУ.За збор се јави Претседателот на Комисијата за финансирање,буџет и ЛЕР Гоце Ружински кој рече дека финансиските извештаи на Гимназијата не биле разгледани на Комисијата бидејќи Директорот бил отсутен.Тој се обрати до Советниците тука да поставуваат прашања ако нешто не е јасно.Во својата дискусија советничката Славица Фурнаџиска потенцираше дека Гимназијата имала две донаторски сметки кои не се пренесуваат и во 2018 година,а

самата Установа поседува и своја сопствена сметка за приходи.Бидејќи друг не се јави за збор,Претседателот ја затвори расправата по четирите точки од дневниот ред,10,11, 12 и 13 и истите ги даде на гласање поединечно за секоја точка.
Со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот го усвои Финансискиот извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на ОСУ" Ацо Русковски"-Берово.

***11. Финансиски извештај од завршна сметка за донаторска сметка "Еразмос" за 2017 година на ОСУ" Ацо Русковски" Берово***

Претседателот на Советот Јован Матеничарски после затворената расправа по точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот го усвои Финансискиот извештај од завршна сметка за донаторска сметка Еразмос за 2017 година на ОСУ "Ацо Русковски"-Берово.

***12. Финансиски извештај од завршна сметка за донаторска сметка "Скилс" за 2017 годинана ОСУ "Ацо Русковски" Берово***

Претседателот на Советот после затворената расправа по точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот го усвои Финансискиот извештај од завршна сметка за донаторска сметка" Скилс" за 2017 година на ОСУ "Ацо Русковски"-Берово.

***13. Финансиски извештај од завршна сметка за сопствени приходи за 2017 годинана ОСУ "Ацо Русковски" Берово***

Претседателот на Советот Јован Матеничарски после затворената расправа по точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот го усвои Финансискиот извештај од завршна сметка за сопствени приходи за 2017 година на ОСУ "Ацо Русковски"-Берово.

***14. Финансиски извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на Дом на културата" Димитар Беровски" Берово***

Претседталот отвори расправа и предложи за 14-тата и 15-тата точка од дневниот ред заеднички да се расправа бидејќи се работи за иста единка корисник на средства.Збор зеде Гоце Ружински-Претседтател на комисијата за финансирање,буџет и ЛЕР и рече дека материјалот бил разгледан на состанок на Комисијата во присуство на в.д.директорот Звонко Скендерски кој дал образложен одговор по поставените прашања по ставки и износи.Од Комисијата немаат забелешки по доставениот материјал.Во својата доскусија Советничката Славица Фурнаџиска даде дополнување на излагањето на Ружински во смисла вишетоците на средства да се трошат наменски за да не се плаќа дополнителен данок.Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата и точките од дневниот ред ги даде на гласање. . Со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои четиринаесетата точка од дневниот ред.

***15. Финансиски извештај од завршна сметка за сметка на сопствени приходи во 2017 година на Дом на културата" Димитар Беровски" Берово***

Претседателот на Советот Јован Матеничарски после затворената расправа по точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот го усвои  Финансискиот извештај од завршна сметка за сметка на сопствени приходи во 2017 година на Дом на културата "Димитар Беровски" Берово.

***16. Финансиски извештај од завршна сметка за сметка на сопствени приходи во 2017 година на ОЈУДГ" 23 Август" Берово***

Претседателот на Советот предложи да се води заедничка расправа по точките 16,17,и 18 од дневниот ред бидејќи се работи за иста единка корисник на средства.Предлогот едногласно е прифатен.Отворена е расправа по трите точки од дневниот ред. За збор се јави Гоце Ружински и рече дека сите три финансови извештаи биле разгледани на состанок на Комисијата во присуство на директорката Невенка Таковска во врска со Народната кујна (зголемен бројот на оброци), адвокатски услуги,блок дотации за градинката во с.Русиново средства за отпремнина за пензионирање и други прашања на кои било соответно одговорено.Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата и точките 16,17,и 18 поединечно ги даде на гласање. Со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот го усвои  Финансискиот извештај од завршна сметка за сметка на сопствени приходи во 2017 година на ОЈУДГ" 23 Август" Берово.

***17. Финансиски извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на ОЈУДГ"23 Август" Берово***

Претседателот на Советот ја затвори расправата по седумнаесетата точка од дневниот ред и предлогот го даде на усвојување. Со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот го усвои  Финансискиот извештај од завршна сметка за наменска дотација за 2017 година на ОЈУДГ" 23 Август" Берово.

***18. Финансиски извештај од завршна сметка за донаторска сметка-Инклузија на деца Роми во предучилишна возрастза 2017 година на ОЈУДГ" 23 Август" – Берово***

Претседателот на Советот ја затвори расправата и предлогот  го даде на усвојување. Со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот го усвои Финансискиот извештај од завршна сметка за донаторска сметка-Инклузија на деца Роми во предучилишна возраст за 2017 година  на ОЈУДГ" 23 Август" Берово.

***19. Годишен Извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2017 година***

Претседателот отвори расправа по точката од дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата по деветнаесетата точка од дневниот ред и Годишниот Извештај за работа на ЈПКР Услуга Берово за 2017 година го даде на усвојување. Со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои деветнаесетата точка од дневниот ред.

***20. Годишен финансиски Извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2017 година.***

Отворена е дискусија по точката од дневниот ред.Известителот од Комисијата за финансирање,буџет и ЛЕР Гоце Ружински истакна дека Финансискиот извештај бил разгледан на состанок на Комисијата во присуство на сметководителот и директорот на Установата на која бил детално образложен со акцент за меѓусебно фактурирање меѓу самите одделенија на ЈПКР и со надеж дека и пречистителната станица ќе функционира без загуба.Советничката Славица Фурнаџиска рече

дека во излагањето на директорот е потенцирано дека со тек на времето,годините,ќе се намалуваат загубите,а со тоа и оптимизмот за надминување на проблемите.Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање.Од вкупно присутните 14 советници 14 гласаа ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Советот го усвои Годишниот финансиски извештај за работата на ЈПКР” Услуга “–Берово за 2017 година.

***21. Одлука за давање на трајно користење движна ствар-трактор Дон Фенг на ЈПКР” Услуга” – Берово***

Претседателот отвори расправа.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и Одлуката за давање на трајно користење движна ствар-трактор Дон Фенг на ЈПКР Услуга-Берово ја даде на гласање. Од вкупно присутните 14 советници 14 гласаа ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Советот ја усвои 21-та точка оф дневниот ред,

***22. Одлука за давање на времено користење без надоместок недвижен имот сопственост на оптина Берово***

Претседателот на Советот Јован Матеничарски отвори расправа по точката од дневниот ред.Истиот појасни дека се работи за давање на времено користење без надоместок просторија во Бизнис Инкубаторот на музичката група Тесна соба во периодот од 14.03.2018 година до 01.07.2018 година.Биодејќи друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата и Одлуката ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА.нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Советот ја усвои 22-та точка од дневниот ред.

***23 .Одлука за давање на времено користење без надоместок на движна ствар-сопственост на Општина Берово***

Отворена е дискусија по точката од дневниот ред.Истата ја појасни Претседателот на Советот Матеничарски појаснувајќи дека се работи за 3 броја половни канделабри за улично осветлување кои без надоместок,на времено користење се даваат на барателот Зоран Ајтовски.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и Одлуката ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Советот ја усвои 23-тата точка од дневниот ред.

***24. Одлука за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната ифраструктура за источен плански регион***

Претседателот на Советот отвори расправа.Истиот се јави за збор истакнувајќи дека уште од поодамна се работи на проблемот за управување со отпадот на територијата на Општина Берово и проблемите со кои се соочува општината во управувањето со отпадот и неможноста за исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за управување со отпад.Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата и Одлуката за давање на согласност за основање на регионална депонија ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Советот ја усвои точката на дневниот ред.

***25. Одлука за продолжување на работното време на угостителски објекти за одредени туристички,културни и друг вид манифестации во Општина Берово за 2018 година***

Претседателот Матеничарски отвори расправа.За збор се јави Емилија Ваканска-Советник за нормативно-правни и имотно- правни работи.Истата ја образложи Одлуката по приложениот Календар, истакнувајќи дека е оставено простор на Советот да ја изменува во зависност од неговата оцена за продолжување на работното време за време на празниците или за време на викенд.Советникот Драган Мустачки имаше предлог 30 април (пред првомајските празници) да се продолжи за 2 часа,а Советничката Емилија Пачемска предложи да се продолжат деновите 28,29 април.Претседателот Матеничарски го даде предлогот 28,29 и 30 април да се продолжи работното време на угостителските објекти на гласање.Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ нема Советници кои не гласале е усвоен предлогот.Дваесетипетата точка од дневниот ред со дополнувањата е дадена на усвојување. Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ нема Советници кои не гласале е усвоена 25-тата точка од дневниот ред со измените и дополнувањата.

***26. Одлука за кофинансирање на проектот изградба на зелен пазар во Берово***

Претседателот отвори расправа и и даде збор на Анита Рунтевски-раководител на одделението за правни и отшти работи истакнувајќи дека Советот треба да даде согласност за кофинансирање на проектот од проектот за подобрување на општинските услуги финансирани од страна на ЕУ донаторски фонд за инвестиции во руралната инфраструктура.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и Одлуката ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ нема Советници кои не гласале е усвоена Одлуката за кофинансирање на проектот” Изградба на зелен пазар” во Берово.

***27. Предлог годишен план за вработување за 2019 годинана Општина Берово***

Јован Матеничарски-Претседател на Советот отвори расправа. Збор зеде Претседателот на Комисијата за јавни дејности на Советот на Општина Берово Јованка Василевска Петрушева.Таа рече дека кај сите Планови за вработување имало недостатоци кои корегирани се доставени на Советот.Таа го образложи Планот по табели,балансерот.Заради несоответствување со вкупниот број на нови вработувања беше повикана Зорица Ризовска од општинската администрација да го образложи Годишниот план за вработување.Советникот Драган Мустачки побара дообјаснување по табелите,а исто така се осврна и на планираните нови вработувања во Општината во 2018 година за која нема донесено План за вработување.Во одговор Зорица Ризовска рече факт е дека за 2018 нема одобрен План,но истиот е даден на оценка на неговата уставност пред Уставниот суд на РМ.Од страна на Градоначалникот на општината Планот не е потпишан бидејќи се чека Одлуката на Уставниот суд.Советничката Славица Фурнаџиска го постави прашањето дали 8-те вработувања планирани во 2018 година се пренесени и во 2019 година на што доби потврден одговор,иако целата постапка околу вработувањата во 2018 година е многу дискутабилна-заврши Ризовска.За дискусија се јави Предраг Монев и рече дека за 2019 година се планирани 26 нови вработувања.Доколку се реализираат,продолжи Монев, тоа е за 50% зголемување на вработувањата од сегашниот број на вработени во Општина Берово.Таа бројка е огромна,дали има логика во сето тоа и како Градоначалникот планира да ги реализира овие вработувања при таква лоша финасиска моќ на Општината.Сакам да ги поставам тие прашања до Градоначалникот,но тој е отсутен. Во претходниот мандат на Градоначалникот имаше само 10 нови вработувања,а сега за една година се планираат 26,дали тоа е возможно и логично.Вие ќе го изгласате бидејќи имате многу ветувања на гласачите,но сепак моја констатација е дека истото е нереално – заврши Монев.Претседателот Матеничарски рече дека Правилникот за систематизација на работните места е донесен поодамна во мандатот на градоначалникот Наџински. Тој предложи на поставените прашања од страна на советникот Монев Градоначалникот Пекевски писмено да се произнесе. Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот Матеничарски ја затвори расправата и Предлог Годишниот план за вработување за 2019 година на Општина Берово со корекцијата го даде на

гласање.Со 8 гласови ЗА,6 ПРОТИВ,ниту еден ВОЗДРЖАН,нема советници кои не гласале Советот ја усвои дваесетиседмата точка од дневниот ред.

***28. Предлог годишен план за вработување за 2019 година на ООУ" Дедо Иљо Малешевски" Берово***

Претседателот Матеничарски отвори расправа.Известителот од Комисијата за јавни дејности Јованка Василевска Петрушева рече дека Извештајот бил разгледан на Комисија во присуство на директорката на основното училиште каде имало прашања во делот на планирани пензионирања и не е пополнето.Зорица Ризовска- Помлад соработник за селекција и вработување,оценување и стручно оспособување во општина Берово рече дека табелата мора да се пополни макар и во случај планираните пензионери да продолжат со работа,но до 31 август тековната година мора да се произнесат за наредната година.Советот може да даде забелешка на Годишниот план која ќе се вгради во него,заврши Ризовска.Советничката Јованка предложи во табела 8 од Годишниот план да стои 1 пензионирање.Советникот Матеничарски предложи во табела 1 стр.2 и во табела 8 да има промена.За збор се јави советничката Благица Русковска и рече дека нетреба да се продолжува работата на луѓето кои го оствариле правото на пензионирање во интерес на вработување на младите иако Законот тоа го дозволува.И советникот Гоце Ружински даде забелешка на табелата.После сите дискусии Советот едногласно зазеде став да се задолжи директорката на ООУ"Дедо Иљо Малешевски" во текот на седницата да донесе нов-корегиран Годишен план за вработување за 2019 година во кој ќе бидат вметнати забелешките.Откако беше донесен новиот корегиран План Претседателот отвори расправа по истиот.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Годишниот план за вработување за 2019 година на ООУ" Дедо Иљо Малешевски"-Берово е усвоен.

***29. Предлог годишен план за вработување за 2019 година на ОСУ" Ацо Русковски" Берово***

Претседателот отвори расправа.Известителот Јованка Василевска Петрушева рече дека Предлог годишниот план на Гимназијата бил разгледан на состанокот на Комисијата,на кој Директорот на Гимназијата Сашко Корчовски по забелешките од Комисијата доставил корегиран Годишен план.Збор зеде советникот Предраг Монев и во однос на планираното чуварско место истакна дека откако пред две години починал чуварот воспоставен е видео надзор-камери и нема чуварска служба.Дали за тие две години има некои нарушувања на имотот и дали е неопходно вработување на чувар.Во одговор директорот на Гимназијата рече дека поранешниот чувар одлично си ја вршел работата и лично смета дека објектот како и учениците и вработените се побезбедни со функционирање на чуварска служба и од причина што камерите се сепак техника,односно технологија која многу често не функционира.Советникот Предраг Монев исто запраша за планираното работно место сметководител,кој досега ја извршувал таа работа.Во одговор Директорот на Гимназијата појасни дека сметководствената работа досега ја вршел секретарот на гимназијата,но поради преоптовареност годинава морале да платат за да им се изработат финансиските извештаи. Советникот Монев рече дека советничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го подржи само вработувањето на хигиеничар додека за другите две вработувања сметководител и чувар не се согласува и нема да ги подржи.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и Предлог годишниот план за вработување за 2019 година на ОСУ" Ацо Русковски" Берово го даде на усвојување.Со 8 гласови ЗА, 6 ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои не гласале Советот ја усвои 29 тата точка од дневниот ред.

***30. Предлог Годишен план за вработување за 2019 година на ООУ" Никола Петров Русински" с.Русиново***

Претседателот отвори расправа.Известителот и претседател на Комисијата за јавни дејности истакна дека Планот е разгледан на состанок на Комисијата и тој е единствен на кој немало забелешки, па предложи на Советот да го усвои.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и 30-тата точка од дневниот ред ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот го усвои Годишниот план за вработување за 2019 година на ООУ" Никола Петров Русински" с.Русиново.

***31. Предлог Годишен план за вработување за 2019 година на ЈПКР" Услуга" Берово***

Претседателот Матеничарски отвори расправа.За збор се јави Претседателот на Комисијата за јавни дејности Јованка Василевска Петрушева и рече дека Комисијата имала забелешки кои се корегирани и сега корегирани се поделени на советниците.За дискусија се јави Предраг Монев и рече дека во 2019 година (според планираното на ЈПКР)ќе има нови вработувања кои најверојатно ќе се реализираат заради зголемување на цената на водата.Во Извештајот за работата на ЈПКР за 2017 година стоеше дека јавното претпријатие тешко функционира,со загуби,заради малата наплата на вода поради иселувањето,преоптовареност со работа(зборови на Матеничарски),а сега гледаме сосема друга слика,друг план.Желбите на в.д.директорот на ЈПКР се промашена работа.Не се сомневам дека вие од СДСМ ќе го изгласате планот,ние нема да го подржиме бидејќи сметаме дека ако вработените добро се изменаџираат нема потреба од нови вработувања-заврши Монев.Во својата дискусија претседателот Матеничарски рече дека ЈПКР ќе обезбеди две нови возила и трактор за кои се потребни луѓе да управуваат со нив.Административни работници нема да се вработат што значи дека вработувањата ќе бидат продуктивни и ќе се случат откако се набават возилата.Подршка на дискусијата на Матеничарски даде советничката Славица Фурнаџиска која истакна дека 4 од вработувањата се по основ на пензионирање.Во извештајот е потенцирана потребата,а исто така и во најавата на Градоначалникот дека ќе се добијат возила со донација за собирање на сметот и по селските населби.Нели севкупната тенденција на новото време е да нема смет,а нововработените ќе си ја заработат својата плата и нема да се трошат ничии средства,а најмалку во ставката на пречистителната станица,заврши советничката Фурнаџиска.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 8 гласови ЗА,6 ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот го усвои Годишниот план за вработување за 2019 година на ЈПКР" Услуга"-Берово.

***32. Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на ОЈУДГ" 23 Август" Берово***

Претседателот Матеничарски отвори расправа по точката од дневниот ред.Збор зеде Претседателот на Комисијата за јавни дејности Јованка Василевска Петрушева која рече дека Планот бил разгледан на состанок на Комисијата на кој имало забелешки кои се отстранети и корегиран испратен до Советот.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и Предлог Годишниот план за вработување за 2019 година на ОЈУДГ "23 Август" го даде на гласање.Со 8 гласови ЗА,6 ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Советот ја усвои 32-та точка од дневниот ред.

***33. Предлог Годишен План за вработување за 2019 година на Дом на културата" Димитар Беровски" Берово***

Претседателот отвори дискусија.Претседателот на Комисијата Јованка Василевска Петрушева истакна дека Планот бил разгледан,имало забелешки на табела 8 и корегиран е доставен на разгледување на Советот.Друг не се јави за збор.Претседателот Матеничарски ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема

ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Годишниот план за вработување за 2019 година на Домот на културата" Димитар Беровски" е усвоен.

***34. Предлог Годишен план за вработување за 2019 година на ОЈУСЗСЛ Д-р "Иван Влашки" Берово***

Претседателот Матеничарски отвори расправа по точката од дневниот ред.Збор зеде Претседателот на Комисијата за јавни дејности Јованка Василевска Петрушева која рече дека Планот бил разгледан на состанок на Комисијата на кој имало забелешки кои се отстранети и корегиран испратен до Советот.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и Предлог Годишниот план за вработување за 2019 година на ОЈУСЗСЛ го даде на гласање.Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Советот ја усвои 34-та точка од дневниот ред.

***35. Програма за изведување на еднодневна екскурзија низ Република Македонија за учениците од III одделение при ООУ" Никола Петров Русински" с.Русиново,општина Берово***

Претседателот Матеничарски отвори дискусија.За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска и рече дека има печатна грешка во трите точки од дневниот ред бидејќи екскурзиите не се сите еднодневни.Некои има дводневни,а некои тродневни и побара да се направи корекција на следните две точки од дневвниот ред.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и точката ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Советот ја усвои 35-та точка од дневниот ред.

***36. Програма за изведување на дводневна екскурзија низ Република Македонија за учениците од VI одделение при ООУ" Никола Петров Русински" с. Русиново,општина Берово***

Претседателот отвори расправа.Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот Матеничарски ја затвори расправата и 36-та точка од дневниот ред ја даде на гласање. . Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Советот ја усвои Програма за изведување на дводневна екскурзија низ Република Македонија за учениците од VI одделение при ООУ" Никола Петров Русински" с. Русиново,општина Берово

***37. Програма за изведување на тродневна екскурзија низ Република Македонија за учениците од IX одделение при ООУ" Никола Петров Русински" с. Русиново,општина Берово***

Матеничарски отвори расправа по дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата и 37-та точка од дневниот ред ја даде на гласање. . Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Советот ја усвои Програма за изведување на тродневна екскурзија низ Република Македонија за учениците од IX одделение при ООУ "Никола Петров Русински" с. Русиново,општина Берово.

***38. Измена и дополнување на Годишната програма за работа на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово за учебната 2017/2018 година***

Претседателот отвори расправа по точката од дневниот ред.Збор зеде советничката Јованка Василевска Петрушевска која појасни дека заради планираните активности во Годишната програма за работа на

ООУ-Берово поврзани со антикорупциската едукација  на која МОН треба да даде согласнпост, се врши измена и дополнување  на Програмата за работа на училиштето за учебната 2017/2018.Друг не се јави за збор. Претседателот  ја затвори расправата и 38-та точка од дневниот ред ја даде на гласање. . Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Советот ја усвои Измената и дополнувањето на Годишната програма за работа на ООУ "Дедо Ијо Малешевски" Берово за учебната 2017/2018 година.

***39. Барања од институции и граѓани***

**Барање од Сенад Расимов**

"Во врска со Вашето Барање за финансиска поддршка и соработка, доставено до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-888/1 од 12.03.2018 година, Ве известуваме дека истото беше разгледано на 07.та седница на Советот на Општина Берово која се одржа на ден 14.03.2018 година.

Советот по однос на барањето донесе Заклучок истото да биде проследено до Градоначалникот на Општина Берово за тој да се произнесе писмено по истото и да достави повратна информација до Совет на Општина Берово за следна седница.

Откако ќе биде разгледано на следната седница на Советот на Општина Берово, ќе бидете известени како е одлучено по однос на барањето. "

**Барање од здружение за заштита на животните-Јасмина Соколовска**

"Во врска со Вашето Барање, доставено до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-702/1 од 26.02.2018 година, Ве известуваме дека истото беше разгледано на 07.та седница на Советот на Општина Берово која се одржа на ден 14.03.2018 година.

Советот по однос на барањето донесе Заклучок истото да биде проследено до Градоначалникот на Општина Берово за тој да се произнесе писмено по истото и да достави повратна информација до Совет на Општина Берово за следна седница.

Откако ќе биде разгледано на следната седница на Советот на Општина Берово, ќе бидете известени како е одлучено по однос на барањето. "

**Здружение на граѓани Спортско Планински клуб" Малешевска корија"**

"Во врска со Вашето Барање доставено до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-751/1 од 01.03.2018 година, Ве известуваме дека истото беше разгледано на 07.та седница на Советот на Општина Берово која се одржа на ден 14.03.2018 година.

Советот на Општина Берово поддржува такви активности, меѓутоа Барањето првин ќе го достави до Градоначалникот на Општина Берово, со задолжение тој да формира тимови од одделението за локален економски развој и одделението за комунални дејности и заштита на животна средина, кои поединечно ќе го разгледаат секое од барањата наведени и ќе се произнесат за секое барање одделно, а потоа Градоначалникот на Општина Берово писмено ќе се произнесе по однос на барањето и ќе го достави како одговор за следна седница на Совет на Општина Берово.

Откако ќе биде разгледано на следната седница на Советот на Општина Берово, ќе бидете известени како е одлучено по однос на барањето. "

**Здружение на угостители и туристички работници" Малешевски Еснафи"**

"Во врска со Вашето Барање доставено до Совет на Општина Берово со наш архивски број 09-826/1 од 06.03.2018 година, Ве известуваме дека истото беше разгледано и на 07.та седница на Советот на Општина Берово која се одржа на ден 14.03.2018 година и во врска со истото од страна на Советот на Општина Берово е донесена:

О Д Л У К А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички,културни и друг виод манифестации во општина Берово за 2018 година Бр. 09-947/1 која Ви ја доставуваме во прилог на овој допис."

***40. Советнички имицијативи и прашања***

**Советничко прашање од советникот Драган Мустачки**

Врз основа на член 18 од Деловникот за Советот на Општина Берово бр.07-702/1 од 22.06.2007 година, барам Градоначалникот на Општина Берово да ми одговори: "Зошто од негова страна сеуште не е назначен секретар на Општина Берово од редот на раководните административни службеници, кога во моментот има такво лице кои ги исполнува бараните услови, а притоа имајќи во предвид дека Градоначалникот има законска обврска да назначи секретар во рок од 2 месеци од неговото именување на функција, како и фактот дека со непостапување по обврската се предвидени глоби во износ од 7.500 до 15.000 евра "?.

Во врска со прашањето барам да ми доставите писмен одговор во рок од 15 дена и истиот да го препратите до Претседателот на Совет на Општина Берово, за да согласно член 24 од Деловникот за Советот на Општина Берово, се стави како точка на дневен ред на следната седница на совет.

**Советничко прашање од советникот Предраг Монев**

На кој начин Градоначалникот Пекевски смета да го реализира Планот за вработување на Општина Берово за 2019 година со предвидени 26 вработувања кога таа бројка изнесува 50% од моменталната бројка на вработени во Општината и од каде ќе најде средства за таа намена кога сметката на Општина Берово е блокирана?

Во врска со Вака поставеното прашање, барам да доставите писмен одговор до мене и до Претседателот на Советот и координаторите на Советничките групи, најдоцна до следна седница на Совет.

***41. Одлука за пренесување на сопственост на недвижни ствари на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица Д-р "Иван Влашки" Берово***

Претседателот Јован Матеничарски отвори расправа.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА, ниту еден ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои не гласале,точката од дневниот ред едногласно е усвоена.

***44. Годишен финансиски извештај за сметка на наменски дотации за 2017 година на ООУ" Дедо Иљо Малешевски" Берово***

Претседателот отвори расправа по трите точки од дневниот ред кои се однесуваат на трите сметки-финансиски извештај на ООУ" Дедо Иљо Малешевски"-Берово.Збор зеде Претседателот на Комисијата за финансирање,буџет и ЛЕР Гоце Ружински и рече дека трите точки биле разгледани на Комисија во присуство на директорката на ООУ-Берово Наташа Аврамска.Таа дала образложение за потрошените средства како што се чистење на оџаци,дефекти,вишокот на огрев –дрва за наредната учебна

година,здравствени услуги за вработените,пумпа за парно затоплување и 2 компјутери во ПУ с.Смојмирово.Директорката истото образложение го даде и пред Советот.Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата по **44-та,45-та и 46-та** точка од дневниот ред. . Со 14 гласови ЗА, ниту еден ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои не гласале,44-та точка од дневниот ред едногласно е усвоена.

***45. Годишен финансиски извештај за сметка донации за 2017 година на ООУ Дедо Иљо Малешевски Берово***

Бидејќи претходно се расправаше по оваа точка Претседателот Матеничарски истата ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА, ниту еден ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои не гласале,45-та точка од дневниот ред едногласно е усвоена.

***46. Годишен финансиски извештај за сметка сопствени приходи за 2017 година на ООУ Дедо Иљо Малешевски Берово***

Претседателот Матеничарски точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА, ниту еден ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои не гласале,46-та точка од дневниот ред едногласно е усвоена.

Дневниот ред беше исцрпан,а со тоа и седницата беше затворена.Седницата заврши во 14 часот.

**Бр.________/1**
**______2018 година**

| | | |
|---|---|---|
| *Записничар,*<br>*Бранка Шишовска*<br>______________________<br>(*потпис)* | М.П. | *Претседател на Совет,*<br>*Јован Матеничарски*<br>_____________________<br>*(потпис)* |